Здружение на финансиски работници на
локалната самоуправа и јавни претпријатија
Бр. 0302-349
27.11. 2024 год.
ВЕЛЕС

До
Сектор / одделение за Финансии,
Буџет / Сметководство / Ревизија

**Предмет:** Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ја долгодишната практика, потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на работилницата:

**„ПЛАНИРАЊЕ НА РЕВИЗИЈАТА, РЕВИЗИЈА НА КЛУЧНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР (СИСТЕМСКА РЕВИЗИЈА)“**

која ќе се одржи на 16 Декември 2024 година во **хотел „Белви“ Скопје.** Регистрацијата на учесниците е од 09:00 до 09:30 часот, а почетокот на работилницата е од 09:30 часот.

Практичната работилница ќе ја реализира **м-р Весна Младеновска**, практичар и професионален обучувач со огромно долгогодишно работно искуство во областа на внатрешната ревизија. **Таа беше ангажирана како обучувач при сертификацијата на внатрешни ревизори во јавниот сектор, организирана од Министерството за финансии на РСМ, во соработка со Центарот за развој на финансиите (CEF) од Словенија и Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (CIPFA) од Лондон, Велика Британија. Исто така м-р Весна Младеновска е долгогодишен обучувач во внатрешната ревизија, внатрешната контрола, управувањето со ризици и измамите.**

Работилницата претставува одлична можност заедно со обезбедениот квалитетен експерт-практичар за размена на знаења, долгогодишни искуства, добри практики, информации и насоки за правилно, навремено и точно работење во областа на внатрешната ревизија во јавниот сектор и јавната финансиска контрола, при што ќе бидат разработени следните теми и области:

- **Интерни контроли и управување со ризик**
- **Финансии и финансиски менаџмент**
    - **планирање на ревизијата**
- **Закон за јавни набавки –**
    - **ревизија на процесот на јавни набавки**
- **Закон за исплата на плата**
    - **ризици од пресметка на плата**
    - **администрирање на приходи**

Искористете ја оваа исклучителна можност да учествувате на обуката, да ги надградите своите знаења и практични вештини и да размените информации за областите од обуката. Работилницата се одржува во клучен период во кој се актуелни темите кои ќе се разработуваат.

**Здружението на финансиските работници е акредитирано од ИСОС за одржување на КПУ работилници. Дел од темите за работилницата се КПУ акредитирани, што е и прецизно наведено во Агендата за работилницата – Програмата за континуирано професионално усовршување.**

**Надоместот (котизацијата) за учество на работилницата** е задолжителна за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **6.500,00 денари (без ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, сертификат за учество на работилницата, кафе пауза и закуска.

Надоместокот за учество на работилниците можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје / или**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат право на доделување на часови за посета на настава за КПУ, согласно со акредитираните теми и нивното времетраење, опфатени со **Агендата за работилницата - Програмата за континуирано професионално усовршување**. За овие учесници на работилницата фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.

**Учесниците ќе добијат и Сертификат за учество на работилницата.**

**Пријавување учество за работилница:**

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@gmail.com. Формуларот Пријавите за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 071/335-930; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски